# ПРИРАЧНИК

## Преинсталирање на Spider дигитален сертификат

Верзија 1.0

Скопје, октомври 2020 година

# Содржина

1. Бришење на стариот Spider сертификат ........................................................3
2. Инсталирање на новиот Spider сертификат ..................................................4
3. Подесувања во Windows Registry..................................................................8

# Прирачник за преинсталирање на Spider дигитален сертификат

За правилно функционирање на Spider апликациите потребно е да го инсталирате јавниот клуч од Spider дигиталниот сертификат издаден од КИБС АД Скопје. Сертификатот се обновува на секои 3 (три) години од страна на економскиот оператор Еуропоинт. Овој прирачник содржи инструкции за преинсталирање на сертификатот со цел успешна најава на Spider апликациите.

## 1. Бришење на стариот Spider сертификат

Пред да го инсталирате новиот, обновениот Spider сертификат, потребно е да го избришете стариот, односно веќе постоечкиот Spider сертификат. За таа цел извршете ги следните чекори:

1. На тастатурата притиснете **Win + R**. Во прозорецот **Run**, во полето **Open**, внесете **certmgr.msc** и кликнете **OK** (Слика 1).




Слика 1

2. Ќе ви се отвори **Certificate Manager Tool** (Слика 2). Во левиот панел изберете **Other People** > **Certificates**. Во десниот панел означете го **Spider** сертификатот.




Слика 2

3. Избришете го сертификатот: кликнете со десен клик на сертификатот, а потоа кликнете **Delete**. Ќе ви се појави порака како на Слика 3. Кликнете **Yes**.




Слика 3

4. Сертификатот ќе го снема од листата на сертификати. Со тоа стариот Spider сертификат е избришан.

## 2. Инсталирање на новиот Spider сертификат

Јавниот клуч на серверскиот сертификат Spider го доставува Еуропоинт и истиот можете да го преземете од: http://spider.europoint.com/Makedonija/SpiderCert2023.zip. За да го инсталирате, прво распакувајте ја датотеката, а потоа извршете ги следните чекори:

1. Од распакуваната датотека, извршете ја датотеката **spider_server_mk_2023.cer**.

2. Кликнете **Install Cettificate…** (Слика 4)




Слика 4

3. Кликнете **Next** (Слика 5).




Слика 5

4. Кликнете **Next** (Слика 6).




Слика 6

5. Кликнете **Finish** (Слика 7).




Слика 7

6. Ќе ви се појави порака за успешно импортиран сертификат (Слика 8). Кликнете **OK**.




Слика 8

7. Кликнете **OK** за да го затворите прозорецот прикажан на Слика 4.

За да го проверите сертификатот, стартувајте **Internet Explorer**, а потоа изберете **Tools** > **Internet Options** > **Content** > **Certificates** (Слика 9 и 10).




Слика 9




Слика 10

Во **Other People** листата на сертификати треба да постои само еден валиден Spider сертификат со важност до **08.10.2023 година** (Слика 11).




Слика 11

# 3. Подесувања во Windows Registry

Бидејќи КИБС АД Скопје го има променето описот на издавачот на сертификат (полето **Issued By**), новиот Spider сертификат има нов опис кој е различен од описот на стариот сертификат:

- нов Issued By: **KIBSTrust Issuing CA for e-Seals**
- стар Issued By: **KibsTrust Qualified Certificate Services**

Поради тоа, за да може успешно да се најавите на Spider апликациите FX и Bonds, треба да го промените **Computer\HKEY_CURRENT_USER\Software\Tenfore\Client** клучот во **Windows Registry**. За да го промените клучот извршете ги чекорите дадени во продолжение.

За да го избришете постоечкиот клуч извршете ги следните чекори:

1. На тастатурата притиснете **Win + R**. Во прозорецот **Run**, во полето **Open**, внесете **regedit.exe** и кликнете **OK** (Слика 12).




Слика 12

2. Доколку ви се прикаже UAC прозорецот (Слика 13), кликнете **Yes**




Слика 13

3. Ќе се отвори **Registry Editor** (Слика 14). Во левиот панел изберете **Computer** > **HKEY_CURRENT_USER** > **Software** > **Tenfore** > **Client**. Избришете го клучот како што е прикажано на сликата: кликнете со десен клик на клучот **Client** и кликнете **Delete**.

| **Напомена:** |
|---|
| Прозорецот **Registry Editor** ќе ви треба за проверката во **чекор 8**, па затоа оставете го отворен. |




Слика 14

За да го додадете клучот со потребните промени извршете ги следните чекори:

4. Од распакуваната датотека, извршете ја датотеката **client_all_banks.reg**.

5. Доколку ви се прикаже UAC прозорецот како на Слика 13, кликнете **Yes**.

6. Ќе ви се појави предупредувачка порака (Слика 15). Кликнете **Yes**.




Слика 15

7. Ќе ви се појави порака дека клучот е успешно додаден (Слика 16). Кликнете **OK**.




Слика 16

8. Извршете проверка на **Computer\HKEY_CURRENT_USER\Software\Tenfore\Client**. Доколку клучот изгледа како на Слика 17, тогаш промената е успешна и може да се најавите на Spider апликациите.




Слика 17

# Еуропоинт техничка поддршка



**Марјан Ристов**

Еуропоинт Македонија ДООЕЛ Скопје
ул. Михаил Чаков 1/1-4, 1000 Скопје

+389 70 368 509
marjan.ristov@europoint.com
www.europoint.com